# КАРАОРМАН АД СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 година и

## Извештај на независните ревизори

A member of mgiworldwide

| Содржина | Страна |
|---|---|


| | |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ | 1 |
| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ | |
| - Извештај за финансиска состојба | 6 |
| - Извештај за сеопфатна добивка | 7 |
| - Извештај за промените во капиталот | 8 |
| - Извештај за паричните текови | 9 |
| - Белешки кон финансиските извештаи | 10 |
| - Прилози | |

Audit & Business Advisory
Ул. “1661” бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:

Акционерите и раководството на

Караорман АД Скопје

# Извештај на независните ревизори

## *Извештај за ревизијата на финансиските извештаи*

### *Мислење со резерва*

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Караорман АД, Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото“), коишто го вклучуваат извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2025 година, и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината којашто завршува тогаш и белешки кон финансиските извештаи, вклучително и информациите за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, освен за ефектите од прашањето опишано во параграфот *Основа за мислење со резерва* од нашиот извештај, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото заклучно со 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

### *Основа за мислење со резерва*

Како што е објавено во Белешка 5 кон придружните финансиски извештаи, состојбата на недвижностите, постројките  и опремата на 31 декември 2025 година изнесува 926.788 илјади денари. Врз основа на спроведените процедури констатиравме дека на датумот на известување 31 декември 2025 година, за дел од недвижностите во износ од 9.792 илјади денари Друштвото нема имотни листови и/или се во постапка на легализација. Како резултат на тоа, не бевме  во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на комплетноста и точноста како и правата и обврските на евидентираните недвижности на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 година.

Дополнително, како што е објавено во Белешка 5 придружните финансиски извештаи, Друштвото има евидентирано градежни објекти со нето сметководствена вредност од 708.390 илјади Денари од кои најголем дел се наменети за давање под наем. Друштвото ги презентира овие објекти согласно сметководствената политика опишана во Белешка 2.4 и МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема. Имено, не се направени соодветни обелоденувања во согласност со МСС 40 – Вложувања во недвижности,  кој се однесува на недвижностите, сопственост на Друштвото, кои се чуваат, пред се, со цел остварување приход од нивно изнајмување, наместо за употреба во редовниот тек на деловните активности, за административни потреби или за нивна продажба, и истите се признаваат како вложувања во недвижности за изнајмување. Расположливите податоци и информации не ни овозможија да направиме сопствени проценки и со разумна сигурност да го утврдиме износот на потребната поделба на градежните објекти кои се однесуваат на вложувањата во недвижности, која може да има материјално значаен ефект врз презентацијата на финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2025.

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.
A member of mgiworldwide

Audit & Business Advisory
Ул. "1661" бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Основа за мислење со резерва (продолжува)***

Како што исто така објавено во Белешка 12, со состојба на 31 декември 2025 година салдото на побарувањата од купувачи и останати побарувања на Друштвото изнесува 20.812 илјади Денари. Анализата на кредитниот ризик презентирана во рамките на споменатата белешка покажува дека побарувањата од купувачи, класифицирани во категоријата доспеани, а неотпишани, со состојба на 31 декември 2025 година, вклучува побарувања во износ од 4.231 илјади Денари, кои се постари од 1 и повеќе години за кои постои значајно сомневање во можноста за нивна наплата, а за кои Друштвото има превземено законски постапки за присилна наплата. Друштвото нема признаено во своите финансиски извештаи со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2025 година соодветно резервирање поради оштетување на погоре споменатите побарувања. Следствено, ние не бевме во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на соодветноста и доволноста на евидентираниот износ на резервирањето поради оштетување на побарувањата од купувачи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 година

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Кодексот за етика на професионалните сметководители на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (Кодексот на ОМСЕС) кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

***Клучни ревизорски прашања***

**Клучно ревизорско прашање 1:** Признавање на приходи од продажба и поврзани попусти и рекламации

**Опис:** Приходите од продажба за годината што завршува на 31 декември 2025 година изнесуваат 174.686 илјади денари (2024: 163.945 илјади денари) и претставуваат значителен износ во Извештајот за сеопфатна добивка. Најголемиот дел од приходите се однесуваат на приходи од хотелски и угостителски услуги (84.657 илјади денари) и приходи од наемнини (68.283 илјади денари). Признавањето на приходите бара правилно утврдување на моментот на пренесување на контролата врз ветените услуги (хотелски услуги) или континуирано пренесување на користите (наемнини), како и соодветно третирање на евентуални попусти, рабати и рекламации.

Нашите ревизорски процедури вклучуваа, меѓу другото:

- Разбирање и тестирање на дизајнот и оперативната ефикасност на внатрешните контроли поврзани со признавање на приходи;
- Проверка на примероци од приходи од хотелски услуги и наемнини, вклучувајќи договори и фактури;
- Тестирање на временски пресек на приходите околу датумот на известување;
- Анализа на попустите, рабатите и рекламациите и нивното влијание врз приходите;
- Проверка на постоењето на одложени приходи и аванси од клиенти;
- Анализа на класификацијата на приходите меѓу различните категории (хотелски услуги, наемнини, продажба на стоки и останати).

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.
A member of mgiworldwide

Ул. “1661” бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Клучни ревизорски прашања (продолжува)***

**Заклучок:** Според нашето мислење, признавањето и мерењето на приходите од продажба е во согласност со МСФИ 15 и применетата рамка во Република Северна Македонија и е соодветно поддржано со прибавените ревизорски докази.

**Клучно ревизорско прашање 2:** Класификација и презентација на недвижностите (МСС 16 наспроти МСС 40)

**Опис:**
Како што е објавено во Белешка 5 кон финансиските извештаи, Друштвото има значителен износ на градежни објекти со нето сметководствена вредност од 708.390 илјади денари, од кои значителен дел се наменети за остварување приходи од изнајмување. Определувањето дали овие средства треба да бидат класифицирани како недвижности, постројки и опрема во согласност со МСС 16 или како вложувања во недвижности во согласност со МСС 40 бара значајно професионално расудување од страна на раководството, особено во однос на намената и начинот на користење на средствата.

Поради значајноста на износите и потребата од проценка на намената на користење, ова прашање беше разгледано како клучно ревизорско прашање.

**Нашите ревизорски процедури вклучуваа:**

- Разбирање и оценка на сметководствените политики на Друштвото поврзани со класификацијата на недвижностите;
- Анализа на структурата на приходите од наемнини и нивната поврзаност со конкретни средства;
- Преглед на договори за наем и други релевантнни документи со цел утврдување на намената на користење на средствата;
- Дискусии со раководството во однос на нивната проценка за класификација на средствата;
- Оценка на адекватноста на обелоденувањата поврзани со ова прашање во финансиските извештаи.

**Заклучок:**
Врз основа на извршените ревизорски процедури, не идентификувавме дополнителни материјални неконзистентности во однос на обелоденувањата поврзани со класификацијата и презентацијата на недвижностите, освен за прашањето опишано во делот Основа за мислење со резерва.

**Клучно ревизорско прашање 3:** Оштетување на побарувањата од купувачи

**Опис:**
Како што е објавено во Белешка 12 кон финансиските извештаи, со состојба на 31 декември 2025 година, побарувањата од купувачи и останати побарувања изнесуваат 20.812 илјади денари, при што дел од побарувањата во износ од 4.231 илјади денари се доспеани повеќе од една година. Проценката на потребата за признавање на резервирање поради оштетување на овие побарувања вклучува значајни проценки и претпоставки од страна на раководството во однос на наплатливоста, вклучувајќи ги и преземените правни активности за наплата.

Поради значајноста на побарувањата и субјективноста во проценката на нивната наплатливост, ова прашање беше разгледано како клучно ревизорско прашање.

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.
A member of mgiworldwide

Ул. “1661” бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Клучни ревизорски прашања (продолжува)***

**Нашите ревизорски процедури вклучуваа:**

- Разбирање и оценка на политиките на Друштвото за признавање на оштетување на побарувањата;
- Анализа на старосната структура на побарувањата;
- Проверка на примерок од побарувања преку потврди од трети страни, каде што беше применливо;
- Преглед на последователни наплати по датумот на известување;
- Преглед на документација поврзана со правни постапки за наплата;
- Оценка на адекватноста на обелоденувањата во финансиските извештаи.

**Заклучок:**
Врз основа на извршените ревизорски процедури, не идентификувавме дополнителни материјални отстапувања во однос на обелоденувањата поврзани со побарувањата, освен за прашањето опишано во делот Основа за мислење со резерва.

***Други информации***

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај за нив.

Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме било каква форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или со нашето знаење, прибавено во ревизијата или поинаку, произлегува дека се материјално погрешно прикажани. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, од нас се бара да известиме за овој факт.

Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија и за таквата внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е потребна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.

A member of mgiworldwide

Ул. “1661” бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи***

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.

- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.

A member of mgiworldwide

Audit & Business Advisory
Ул. “1661” бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи (продолжува)***

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и со нив комуницираме за сите односи и останати прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, за поврзаните заштитни мерки.

Од прашањата за кои е комуницирано со оние кои се задолжени за управувањето, ние носиме заклучок за оние прашања кои се од најголемо значење за ревизијата на финансиските извештаи во тековниот период и поради тоа се сметаат за клучни ревизорски прашања. Ние ги опишуваме овие прашања во нашиот ревизорски извештај освен доколку законот или регулативата исклучува можност за јавна објава за прашањето или кога, во екстремно ретки ситуации, сме заклучиле дека за прашањето не треба да биде известено во нашиот извештај, поради негативните последици од кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Како што е наведено во пасусот други информации Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со меѓународните ревизорски стандарди, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор | Управител

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје

Бојан Петрески | Бојан Петрески

20 април 2026

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.
A member of mgiworldwide

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во илјади денари**

| | Белешки | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 926.788 | 904.188 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 7 | 27.814 | 28.314 |
| Вложувања во подружници | 8 | 310 | 310 |
| | | **954.912** | **932.812** |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски побарувања | 10 | 3.047 | 5.391 |
| Залихи | 11 | 5.602 | 5.503 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 12 | 20.812 | 26.305 |
| Побарување за данок на добивка | | - | 188 |
| Парични средства и еквиваленти | 13 | 1.124 | 983 |
| | | **30.585** | **38.370** |
| **Вкупно средства** | | **985.497** | **971.182** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 14 | 294.274 | 294.274 |
| Резерви | | 284.113 | 259.169 |
| Акумулирана добивка | | 32.917 | 31.654 |
| **Вкупно капитал** | | **611.304** | **585.097** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни позајмици со камата | 15 | 270.584 | 295.842 |
| | | **270.584** | **295.842** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни позајмици со камата | 15 | 75.911 | 66.909 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | 16 | 27.698 | 26.334 |
| | | **103.609** | **90.243** |
| **Вкупно обврски** | | **374.193** | **386.085** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **985.497** | **971.182** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени на 13 март 2026 од раководството на „КАРАОРМАН“ АД, СКОПЈЕ и потпишани во негово име од:

Караорман Акционерско друштво угостителство и услуги Скопје

**Г-ѓа Гордана Константакос**
Извршен член на Одбор на директори

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во илјади денари**

| | Белешки | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 17 | 174.686 | 163.945 |
| Останати приходи | 18 | 20.158 | 20.067 |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (4.644) | (8.160) |
| Трошоци за суровини и материјали | 19 | (28.036) | (26.106) |
| Трошоци за вработени | 20 | (53.765) | (43.643) |
| Депрецијација и амортизација | 5,6 | (29.930) | (29.143) |
| Останати оперативни трошоци | 21 | (36.264) | (33.668) |
| **Добивка од оперативно работење** | | **42.205** | **43.292** |
| Финансиски приходи | | 79 | 59 |
| Финансиски (расходи) | | (14.969) | (17.494) |
| Нето финансиски (расходи) | 22 | (14.890) | (17.435) |
| **Добивка пред оданочување** | | **27.315** | **25.857** |
| Данок на добивка | 23 | (609) | (414) |
| **Нето добивка за годината** | | **26.706** | **25.443** |
| Останата сеопфатна добивка | | | |
| Промена на објективната вредност на фин. с-ва расположливи за продажба (Бел.14) | | (500) | 14.101 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **26.206** | **39.544** |
| **Заработувачка по акција** | | | |
| - Основна и разводнета (денари по акција) | 24 | 279 | 266 |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во илјади денари**

| | Акционерски капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **01 јануари 2025** | **294.274** | **259.170** | **31.654** | **585.098** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки (Бел.14) | - | 25.443 | (25.443) | - |
| *Вкупно трансакции со сопствениците* | - | 25.443 | (25.443) | - |
| Добивка за годината | - | - | 26.706 | 26.706 |
| *Останата сеопфатна добивка* | - | - | - | - |
| *Повторно вреднување на објективна вредност на хартии од вредност* | - | (500) | - | (500) |
| *Вкупна сеопфатна добивка* | - | (500) | 26.706 | 26.206 |
| **31 декември 2025 година** | **294.274** | **284.113** | **32.917** | **611.304** |
| **01 јануари 2024** | **294.274** | **222.209** | **29.070** | **545.553** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки (Бел.14) | - | 22.859 | (22.859) | - |
| *Вкупно трансакции со сопствениците* | - | 22.859 | (22.859) | - |
| Добивка за годината | - | - | 25.443 | 25.443 |
| *Останата сеопфатна добивка* | - | - | - | - |
| *Повторно вреднување на објективна вредност на хартии од вредност* | - | 14.101 | - | 14.101 |
| *Вкупна сеопфатна добивка* | *-* | *14.101* | *25.443* | *39.544* |
| **31 декември 2024 година** | **294.274** | **259.169** | **31.654** | **585.097** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | | 27.315 | 25.857 |
| Исправки за: | | | |
| Депрецијација и амортизација | 5,6 | 29.930 | 29.143 |
| Отпис на ненаплатливи побарувања | 21 | 1.182 | 2.440 |
| Приходи од дивиденди | 18 | (1.250) | (910) |
| Капитална загуба на продадени основни средства | 21 | - | 319 |
| Капитална добивка од продажба на основни средства | 18 | (193) | (2.999) |
| Приходи од отпис на обврски | 18 | (341) | - |
| Приходи од камати | 22 | (56) | (54) |
| Расходи по камати | 22 | 14.501 | 17.068 |
| **Добивка од работење пред промени во оперативен капитал** | | **71.089** | **70.873** |
| *Промени во оперативниот капитал:* | | | |
| Залихи | | (99) | 24 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | | 4.312 | (8.439) |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | | 4.705 | 1.298 |
| Готовина од оперативни активности | | 80.007 | 63.756 |
| (Платени) камати | | (14.501) | (17.068) |
| (Платен) данок на добивка | | (421) | - |
| | | **65.084** | **46.688** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постојки и опрема | | (58.615) | (33.060) |
| (Дадени)/наплатени финансиски побарувања, нето | | 2.344 | (2.042) |
| Приливи од дивиденди | | 1.250 | 910 |
| Прилив од продажба на недвижности, постојки и опрема | | 6.578 | 2.990 |
| Приливи по камати | | 56 | 54 |
| | | **(48.687)** | **(31.148)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| (Отплата на)/приливи од позајмици, нето | | (16.256) | (16.508) |
| Исплатени дивиденди | | - | - |
| | | **(16.256)** | **(16.508)** |
| Нето промени кај паричните средства и еквиваленти | | 141 | (968) |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот од периодот | | 983 | 1.951 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот од периодот** | **13** | **1.124** | **983** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи